Број 08-39/1
Датум 28.01.2019 год.

# ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА Скопје

"Орце Николов" бр.48
1000 Скопје

https://ota.mk

info@ota.mk

ДО:

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ, ЗА 2018 ГОДИНА

Врз основа на член 7 од Законот за Оперативно-техничката агенција Скопје („Службен весник на РМ", бр. 71 од 19.04.2018 година), директорот на Оперативно-техничката агенција Скопје (во натамошниот текст – ОТА) го доставува следниов извештај за работа на ОТА за 2018 година:

I. Во текот на 2018 година, ОТА технички посредуваше во активирање на мерката следење на комуникациите во вкупно 153 (сто педесет и три) комуникации за потребите на овластените органи во Република Македонија.

Од наведените 153 комуникации:

- 5 (пет) комуникации беа технички проследени од страна на ОТА за потребите на ОСОСК (Оддел за сузбивање на организаран и сериозен криминал) во БЈБ при МВР; и
- 8 (осум) комуникации беа технички проследени од страна на ОТА за потребите на СЈО (Јавното обвинителство за гонење кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите)

II. Согласно член 32 од Законот за Оперативно-техничката агенција Скопје, во текот на 2018 година (ноември) со одлука на директорот на ОТА беше формирана Комисија за стручен надзор над операторите во состав од 3 (три) членови (во натамошниот текст – Комисија). Во тековната 2018 година, Комисијата оствари неколку работни средби со претставници на операторите во Република Македонија и на истите беше презентирано Предлог-упатството за начинот на постапување на операторите и истото беше јавнообјавено на интернет-

"Орце Николов" бр.48
1000 Скопје

https://ota.mk

info@ota.mk

страницата на ОТА. Со оглед на краткиот временски рок на функционирање на ОТА во тековната 2018 година (ноември и декември), Комисијата објективно немаше временски простор да оствари официјален надзор над работењето на операторите.

III. Во текот на 2018 година во ОТА нема спроведена ниту една дисциплинска постапка против вработен во ОТА.

IV. Во текот на 2018 година од вкупно буџетски предвидените 3.260.000,00 (три милиони и двесте и шеесет илјади) денари, согласно финансискиот план на ОТА за 2018 година, беа потрошени вкупно 968.021,00 (деветстотини шеесет и осум илјади дваесет и еден) денари, од кои:

475.601,00 (четиристотни седумдесет и пет илјади шестотини и еден) денари финасиски средства се потрошени по основ на плати и придонеси за социјално осигурување на вработените во ОТА за тековната 2018 година; и

492.420,00 (четиристотини деведесет и две илјади четиристотини и дваесет) денари финансиски средства се потрошени по основ на останати трошоци по следниве ставки:

- 35.536,00 (триесет и пет илјади петстотини триесет и шест) денари финансиски средства се потрошени по основ на патни и дневни расходи (едно четиридневно службено патување во странство);

- 84.262,00 (осумдесет и четири илјади двесте шеесет и две илјади) денари финансиски средства се потрошени по основ на комунални услуги, греење, комуникации и транспорт;

- 3.788,00 (три илјади седумстотини осумдесет и осум) денари финансиски средства се потрошени по основ на материјални трошоци и ситен инвентар;

- 71.329,00 (седумдесет и една илјади триста дваесет и девет) денари финансиски средства се потрошени по основ на поправки и тековно одржување;

- 247.720,00 (двесте четириесет и седум илјади седумстотини и дваесет) денари финансиски средства се потрошени по основ на договорни услуги;

- 49.785,00 (четирисет и девет илјади седустотини осумдесет и пет) денари финансиски средства се потрошени по основ на други тековни расходи.

"Орце Николов" бр.48
1000 Скопје

https://ota.mk

info@ota.mk

Со почит,

**ДИРЕКТОР**

**Зоран Ангеловски**

Оперативно-техничка агенција Скопје Република Македонија